## Дали моите лични податоци ќе бидат доставени до други владини министерства?

Не. Личните податоци кои ќе ги доставите во Пописот не се споделуваат со никои други владини министерства или агенции, вклучувајќи ја и полицијата, Австралиското даночно биро или Centrelink.

ABS (Австралиското биро за статистика) е законски обврзано да ја заштити приватноста на сите Австралијци и нема да ги објави вашите податоци на начин со кој ќе се идентификува било кој поединец или домаќинство.

## Што ќе се случи со моите лични податоци, откако ќе заврши Пописот?

По собирањето и обработката на податоците, ABS ќе ги отстрани имињата и адресите од другите информации за домаќинството. Имињата и адресите ќе се чуваат безбедно и одвоено од другите податоци од Пописот. Имињата и адресите ќе бидат уништени четири години по собирањето, или порано, штом ќе се утврди дека нема никаква корист за заедницата од нивното чување.

## Дали е Пописот задолжителен?

Да. Секој поединец во Австралија, освен странските дипломати и нивните семејства, мора да го пополни Пописот каде и да се наоѓа ноќта на Пописот. Ова ги вклучува и носителите на визата 457 и странските посетители.

Информациите се собираат под надлежност на *Законот за попис и статистика 1905 [Census and Statistics Act 1905]*. Ако не го пополните Пописот кога ќе ви се нареди, може да се применат казни.

## Клучни датуми

Клучни датуми на Пописот:

- **1. август 2016**
  Почнува испораката на писма со упатства и формулари
- **9. август 2016**
  Ноќ на Пописот
- **26. август 2016**
  Теренските службеници за Попис започнуваат со посети
- **Кон средината на 2017**
  Објавени првите резултати од Пописот во 2016.

## Сакате да дознаете повеќе?

За повеќе информации посетете ја страната **census.abs.gov.au**



НОЌТА НА 9. АВГУСТ ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕТО (CENSUS).

# МОМЕНТ ДА НАПРАВИМЕ ПАУЗА И НАПРАВИМЕ РАЗЛИКА.

**#MyCensus**



Census Australia

@ABSCensus

@ABSCensus

CensusAustralia

**#MyCensus**

Споделетето вашиот момент #MyCensus момент.
Погледнете на T&Cs **mycensus.abs.gov.au/terms**

Australian Bureau of Statistics

Census
census.abs.gov.au

**OUR MOMENT TO MAKE A DIFFERENCE**

ПОПИСОТ Е НОЌТА НА 9. АВГУСТ.

# ТОА Е МОМЕНТ ЗА СЕКОЈ ПОЕДИНЕЦ ДА НАПРАВИ ПАУЗА, И ДА ОДИГРА УЛОГА ВО ОБЛИКУВАЊЕТО НА ИДНИНАТА НА АВСТРАЛИЈА.

## Што е Пописот?

Пописот на населението и домувањето (Census of Population and Housing) е најголемо статистичко прибирање на податоци за Австралија и се врши од страна на Австралиското биро за статистика (Australian Bureau of Statistics - ABS). Веќе повеќе од 100 години Пописот обезбедува снимка на тековната состојба на Австралија, помагајќи во обликувањето на образованието, здравството, транспортот и инфраструктурата за иднината на нашата нација.

## Кога е Пописот?

Пописот во Австралија ќе се одржи на 9. август.

## Од какво значење е Пописот за Австралија?

Пописот обезбедува важни информации во врска со луѓето во Австралија и нивното домување. Тој помага да се процени големината на населението на Австралија, што пак се користи за распределба на владините фондови и за планирање на услугите за сите заедници.

Се очекува Пописот во 2016 да опфати близу до 10 милиони живеалишта и околу 24 милиони луѓе, што е најголем досега.

## “Он-лајн” пополнување на Пописот

Во 2016. се очекува повеќе од 15 милиони луѓе да го пополнат Пописот “он-лајн”.

## Што треба да очекувам?

Од 1. август, повеќето домаќинства ќе добијат писмо од ABS адресирано “До жителот” (‘To the Resident’).

Писмото ќе го содржи единственото корисничко име и лозинка (Census Login) за вашето семејство и упатствата како да го пополните формуларот за Пописот преку интернет, односно “он-лајн”, како и упатства како да нарачате хартиен формулар.

## Можам ли да го употребам мојот рачен уред за пополнување на Пописот “он-лајн”?

Да. Можете да го пополните Пописот каде и да имате пристап до интернет, со користење на компјутер, лаптоп компјутер, таблет компјутер или мобилен уред.

## Зошто дигитално?

Пополнувањето на Пописот “он-лајн” е брзо, лесно, безбедно, еколошки прифатливо и помага да се намали трошокот на заедницата за Пописот.

## Дали се уште можам да пополнам хартиен формулар?

Да. Ако не можете да пристапите до интернет или повеќе сакате да пополните хартиен формулар, едноставно јавете се во нашата автоматска служба за барање на хартиен формулар (automated paper form request service). Ќе ви треба вашиот 12-цифрен пристапен код (Census Login) наведен во писмото што ќе го добиете.

Хартиените формулари мора да се пополнат и вратат без одлагање во пликот означен “Платен одговор” (Reply Paid) – не чекајте да ги собере теренскиот службеник за Попис.

## Ми треба толкувач. Каде треба да се јавам?

Ако ви треба толкувач за да ви помогне, јавете се во Службата за преведување и толкување (Translating and Interpreting Service - TIS National) на **131 450**.

TIS TRANSLATING AND INTERPRETING SERVICE

## Што прави ABS за да ја обезбеди мојата приватност?

ABS ја сфаќа приватноста многу сериозно. Без целосна доверба на луѓето дека нивните информации се безбедни, Пописот не може да функционира.

ABS гарантира дека никакви информации нема да се објават на начин кој што ќе им овозможи на корисниците на податоците од Пописот да го идентификуваат било кој поединец или домаќинство.



